Xhabir Emini, MA[1]

UDC: 004.773.6/.7:304-027.511

# RRJETET SHOQËRORE NË SHTETE TË MËDHA (SHBA, KINË, RUSI) A E FORCOJNË GLOBALIZIMIN APO ANTI-GLOBALIZIMIN

# ДАЛИ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО ГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ (САД, КИНА, РУСИЈА) ЈА ЗАЈАКНУВААТ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ИЛИ АНТИГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

# DO SOCIAL NETWORKS IN LARGE COUNTRIES (USA, CHINA, RUSSIA) STRENGTHEN GLOBALIZATION OR ANTI-GLOBALIZATION

**Abstract**

Among the important discussions that are written, analyzed and debated between the authors of globalization and social media is the issue of the influence of social networks on the globalization or anti-globalization of large countries such as the USA, China and Russia and not only.

Because on one hand, these countries are countries that have great development in many areas, but do not differ in the way of governing and conducting politics.

Then the media, especially social networks, are quite developed, but their freedom differs from one country to another, and the influence on the process of globalization or anti-globalization is still visible.

In this paper, I will try to pay attention on how social networks are used during the globalization process, especially by the large companies of these countries, which play an important role in the world.

***Keywords:*** *Social networks, globalization, anti-globalization, soft power.*

---

[1] Кандидат на докторски студии по Политички науки „Глобализација во услови на демократија", ИСППИ – Скопје.

## Вовед

Една од темите за кои се пишува, анализира, дискутира во денешниот ден е темата за која ќе пишувам во овој труд. Темата на глобализација и анти-глобализација ги засегнува сите, почнувајќи од поединецот, па сè до владите на земјите во целиот свет. Особено кога веќе не може да им кажеме на луѓето дека местото каде што живеат тие е рајот со едно радио, како во неодамнешното минато, посебно во земјите каде што идеологија беше монизмот, во овој случај Русија и Кина.

Денеска, иако се војува против медиумите можеби и поцврсто од минатото, сепак за голем број на медиуми, особено новите алтернативи, за да стигнат до информација и истата да ја пласираат, за секое поле, е многу полесно од минатото, до таму што и на државите им е веќе тешко да ги контролираат целосно.

Во рамките на овој труд ќе се потрудам да навлегувам површински во оваа проблематика, односно да го анализирам влијанието на социјалните мрежи врз глобализацијата односно антиглобализацијата во САД, Русија и Кина.

## Како се концептира концептот на глобализација?

„Глобализација е збор што се користи за да се опише растечката меѓузависност на светските економии, култури и популации, предизвикана од прекуграничната трговија со стоки и услуги, технологија и текови на инвестиции, луѓе и информации. Земјите изградија економски партнерства за да ги олеснат овие движења во текот на многу векови. Но, терминот се здоби со популарност по студената војна во раните 1990-ти, бидејќи овие кооперативни аранжмани го обликуваа модерниот секојдневен живот. Овој водич потесно го користи терминот за да се однесува на меѓународната трговија и некои од инвестициските текови меѓу напредните економии, главно фокусирани на САД“.[2]

Глобализацијата е процес каде што големите држави се трудат да имаат нивно влијание кон другите држави во целиот свет,

[2] What is globalization? And How Has the Global Economy Shaped the United States? Originally published October 29,2018, last updated August 24.2021 (Peterson Institute for International Economics)
https://www.piie.com/microsites/globalization/what-is- globalization (04.07.2022)

преку оние предности кои ги имаат како: економијата, војската, технологијата, културата, политиката итн.

На пример, од економски аспект,земјите се специјализирани за производите и услугите во кои имаат конкурентна предност. „Ова генерално значи, она што тие можат да го произведат и да го обезбедат најефикасно, со најмал износ на ресурси, по пониска цена од конкурентните нации“.[3]

Глобализацијата е процес на зголемена политичка, социјална и економска интеракција и интеграција меѓу луѓето, организациите и владите. Глобализацијата се зголеми како резултат на напредувањето на транспортот и информатичката технологија, што овозможи да се комуницира и лесно да се движи преку границите.[4]

„Во првата голема ера на глобализацијата, од средината на XIX век, преку La Belle Epoch до Првата светска војна, постоеја само движења на робови и услуги како и слободно движење на капиталот. Постоеше и слободното движење на работната сила, што денес - државите на светот кои се слаби со капитал, но со работна сила богати, постојано го спомнуваат, како што и се одвива дебата за глобализацијата.[5]

Од битните фактори кои влијаат врз глобализацијата, па и антиглобализацијата, е интернетот, односно социјалните мрежи кои се доста атрактивни места посетени од страна на граѓаните од целиот свет, особено големите сили како САД, Русија и Кина.

## Употребата на социјалните мрежи за промоција на големите компании во големите држави како САД, Кина и Русија

Во денешно време е тешко да се живее без нови технологии. Технологиите на социјалните медиуми играат важна улога за секојдневниот живот на секоја организација или човечко суштество. „Потребни се многу различни форми како: деловни мрежи, социјални мрежи на претпријатија, преглед на производи или услуги, социјални мрежи, споделување на филмови или фотографии, социјални обележувања идр. Во текот на вековите се појавија различни

[3] Ибид.
[4] How does Globalization impact large companies? The example of Coca-Cola Essay 2017 https://www.grin.com/document/498867 (04.07.2022)
[5] MUHAMED, Mahatir,(2010) *Globalizimi dhe realitetet e reja,* Furkan ISM, Shkup, fq. 102

форми на комуникација кои го променија деловниот живот. Социјалните мрежи станаа метод на изјава во XXI век и го реорганизираа начинот на досегнување и поврзаност“.[6]

Значи, за да се афирмира деловниот сектор во општеството на светско ниво, треба да се искористуваат различни методи, каде што социјалните медиуми играат битна улога за да се достигне оваа цел.

Ние сме сведоци на тоа дека само што ќе отвараме некое видео на Јутјуб или на другите социјални мрежи, лесно ќе приметуваме различни реклами кои се спонзорирани од страна на компаниите со цел да допираат до корисниците на социјалните медиуми, а кои не се малку во денешниот ден.

На пример, „IBM, Del, Mc Donald’s, Burger King, Apple итн., ги искористија во голема мера социјалните медиуми за реклами. Тие поседуваат 100 различни блогови, неколку официјални Twitter сметки и секако и Јутјуб. Според истражувањето на Mc Kinsey, 47 проценти од компаниите ги користат услугите на социјалните медиуми како примарна дигитална алатка за допирање до клиентите и истиот процент расте секој ден“.[7]

Кога сме кај горенаведените компании, можеме лесно да констатираме дека и малите деца веќе ги знаат овие компании. Ако на пример одиме да купуваме за јадење во некој трговски центар каде се наоѓаат Мк Доналд или Кинг Бургер, како и други национални компании, ќе приметуваме колку многу клиенти чекат да се снабдуваат со одредени артикли на овие компании, за разлика од националните.

Од големите компании кои имаат впечаток на денешен ден се и Амазон, американска мултинационална компанија која е фокусирана на е-трговија, клоуд компјутинг, дигитален стриминг и вештачка интелегенција. Amazon е означена како „една од највлијателните економски и културни сили во светот“.[8]

Ali Express, е онлајн услуга за малопродажба со седиште во Кина и во сопственост на Ali Baba Group. Компанијата е составена од мали бизниси во Кина и други локации, како што е Сингапур, кои нудат производи на меѓународните онлајн купувачи. Таа е

---

[6] NADZIAKIEWICZ Małgorzata, *THE ROLE OF SOCIAL MEDIA IN COMPANY’S ACTIVITY,* Politechnika Śląska, Wydział Organizacji i Zarządzania, Gliwice; malgorzata.nadziakiewicz@polsl.pl, ORCID: 0000-0002-0900-4046

[7] Ибид.

[8] https://www.pbs.org/wgbh/frontline/film/amazon-empire/ (25.08.2022)

најпосетувана веб страница во Русија[9] и беше 10-та веб-страница за е-трговија во Бразил.[10]

Гаспром, испорачува гас до 25 европски земји. Нејзината главна извозна рака е Гаспром Експорт ДОО, основана во 1973 година и пред 1 ноември 2006 позната како Гасекспорт, која има монопол на извозот на гас во земји надвор од поранешниот Советски Сојуз. Поголемиот дел од рускиот гас во Европа се продава со 25 годишни договори. Кон крајот на 2004 година, Гаспром беше единствениот снабдувач со гас на Босна и Хецеговина, Естонија, Финска, С. Македонија, Латвија, Молдавија, Србија и Словачка. Обезбедуваше дури 97 отсто од гасот во Бугарија, 89 отсто од гасот на Унгарија, 86 отсто од гасот на Полска, речиси 75 отсто на Чешката Република, 67 отсто на Турција, 65 отсто на Австрија, околу 40 отсто на Романија, 36 отсто на германскиот, 27 проценти на италијанскиот и 25 проценти на францускиот гас[11]. Европската Унија добива околу 25 проценти од снабдувањето со гас од Гаспром. Во 2014 година Европа беше извор на 40 отсто од приходите на Гаспром.[12]

Од ова што го гледаме во горенаведните факти, можеме лесно да констатираме дека оваа руска комапнија е од најинфлуентните компании во Европа и Азија, особено во Кина. Дури во некои моменти беше обвинета: „Дека е политичко и економско оружје на Русија, користејќи го снабдувањето и цената на природниот гас за да добие контрола над Европа и што е најважно Украина“.[13]

### Меѓународните институции и нивното влијание врз глобализацијата

Гледано од економски, политички, културен, трговски, спортски итн. аспекти, можеме да приметиме дека денеска постојат еден куп институции кои го носат бајракот на глобализацијата, на кои им стојат позади државите на G8 (Г-осмицата), Франција, Германија, Италија, Јапонија, Обединетото Кралство, САД, Канада и

[9] Tsydenova, Nadezhda (10 July 2020). "AliExpress Russia eyes $10 billion turnover by 2022-2023, up an estimated 66%". *(25.08.2022)*

[10] https://en.wikipedia.org/wiki/AliExpress#cite_note-4 (25.08.2022)

[11] https://web.archive.org/web/20080514030854/http://www.energybulletin.net/2389.html (26.08.2022)

[12] https://www.taipeitimes.com/News/front/archives/2006/01/04/2003287312 (26.08.2022)

[13] https://www.abc.net.au/news/2014-04-16/natural-gas-is-putins-political-and-economical-weapon/5394030 (26.08.2022)

Русија, а тука не можеме да ги заборавиме и државите на Г20, кои исто така се држави кои влијаат на еден или друг начин.

Бројот на меѓународните организации е пораснат на рапиден начин и тоа пет пати повеќе од 1945 година (од Втората светска војна), значи денес е над петстотини меѓународни организации и над десет илјадници невладини организации со интернационален или регионален карактер.

Некои од нив се регионални, како што се ЕУ, Здружението на нациите на југоисточна Азија, Здружението на интеграција на Американо латинците итн.

Некои од нив се меѓународни, како што се UN, World Bank, FMN, Intersat, OPEC, FIFA, UNICEF, UNDP, UNEP, UNHCR, WHO, итн.[14]

Ако ги анализираме горенаведените организации со што се занимаваат, тогаш можеме да констатираме дека се зборува за еден огромен број на регионални и меѓународни организации кои имаат различни активности во речиси целиот свет, а тука особено би ги издвоил Светската Банка и Меѓународниот Монетарен Фонд, кои имаат битно влијание на економиите на еден куп држави, и кои на некој начин успеале да го направат американскиот долар како светска валута со која може да се направи трговија во целиот свет и преку која се влијае на економијата на државите, вклучувајќи ја тука и Кина и Русија.

Затоа Махатир Мухамед, во неговата книга: „Глобализација и новите реалности“, ја критикува политиката на ММФ и ја нарекува како деструктивна за економиите на државите кои позајмиле од оваа институција, бидејќи директно влијаат и врз другите политики на државите.[15]

## Soft power-от на големите држави во време на глобализација преку социјалните мрежи

Soft power-от на големите држави како САД, Кина и Русија, не е само на економски аспект, туку истото го гледаме и во други аспекти, како на пример културниот аспект. САД го имаат Холивуд кој произведува филмови од разновидни метражи и тематики со јасна намера за влијание врз другите нации во целиот свет. Денеска англискиот јазик е официјален јазик на целиот свет,

[14] Goldstein S. Joshua, (2001) *Marrëdhëniet ndërkombëtare,* botimi i katër, *SH.B. DITURIA* fq. 304-306

[15] MUHAMED, Mahatir, (2010) *Globalizimi dhe realitetet e reja,* Furkan ISM, Shkup, fq. 9

хамбургерите на Мк Доналдс или на Бургер Кинг се најомилената храна на нашите деца, а кока-колата е круната на нашите маси.

Да не заборавамe, производите кои доаѓаат од кинескиот свет, а кои се разликуваат по тоа дека се многу евтини, иако и неквалитетни, се доста атрактивни за употреба. Денес каj да одите има кинески продавници, од храна па до детски играчки, кои отсликуваат една култура и традиција на едно место.

Од друга страна, ми доаѓа на ум цртаниот филм „Немирната Маша", кој е доста омилен кај малите деца не само кај нас, туку и во целиот свет. Маша отсликува една култура со специфична облека на еден народ, плус јазикот и сите други околности кои можат да ги приметат малите деца при следењето на овој цртан филм што го следат на Јутјуб и некои други социјални мрежи, при што истиот има милиони кликови низ целиот свет.

Од горенаведеното влијание на глобализацијата дури ни самите овие големи држави не се имуни, особено во денешното време на социјалните мрежи, кога сѐ што се случува на Исток за една минута се разбира на Запад, и тоа само со еден клик на едно копче на мобилниот апарат.

На пример, оваа година во САД има огромен број на корисници на социјалните мрежи, како на пример: Facebook има 179,65 милиони корисници, Instagram има 151,93 милиони корисници, TikTok има 84,9 милиони корисници, Twitter има 84,41 милиони корисници[16], 247 милиони корисници на Youtube.[17]

Во 2020 година, во Кина имало околу 926,8 милиони корисници на социјалните медиуми. И покрај блокирањето на Facebook, Youtube и Twitter, локалните страници за социјално вмрежување, како што се Tencent, WeChat и Weibo, привлекуваат милиони корисници, што ја прави Кина најголем пазар за социјални медиуми во светот.[18]

Речиси 81 отсто од руската онлајн популација на возраст од 16 до 64 години користела WhatsApp во третиот квартал на 2021

[16] https://www.statista.com/topics/3196/social-media-usage-in-the-united-states/ (26.08.2022)
[17] https://www.globalmediainsight.com/blog/youtube-users-statistics/#:~:text=With%20247%20million%20users%2C%20the,more%20than%20102%20million%20users.(26.08.2022)
[18] https://www.statista.com/statistics/277586/number-of-social-network-users-in-china/#:~:text=In%202020%2C%20there%20were%20around,world's%20biggest%20social%20media%20market. (26.08.2022)

година, со што таа стана најискористена платформа. VK (Vkontakte) се рангираше на второто место, со стапка на пенетрација од 76 проценти, а потоа следат Instagram и Telegram.[19]

Ова е вака бидејќи другите социјални платформи повремено имаат проблеми со блокада од страна на владата не само во Русија, туку и во Кина.

Но, тоа што сакам да го истакнам во оваа ситуација е тоа дека социјалните медиуми се битна алатка за информации за корисниците на овие големи земји од една страна, додека, од друга страна, сведоци сме на огромни активности и од другите области, особено политиката, преку политичките актери на овие големи држави.

Goldstein, кога зборува за влијанието на револуцијата во информации и технологија во минатото, ни ги донесува како пример бивша Југославија и СССР, и вели дека еден од битните фактори за поделба на овие големи држави беше и горенаведената револуција.[20]

На крај, интересно е да се напомене дека медиумите, особено социјалните мрежи, се алатки преку кои се одвива целиот процес на глобализација од една страна, а, од друга страна, и движењата за анти-глобализација исто така се потпираат на истиве со нивните идеи и ставови.

## Conclusion

That is why today is easier to talk about the impact of globalization. To market something in the same networks does not require a lot of time or special knowledge or material resources, for example a beautiful picture or 15 seconds of video gives its contribution to the users of the same networks, all over the world and in the above mentioned big countries like the USA, China and Russia. I think that no country is immune from globalization, so even those I mentioned, although they and some other capitalist countries are the leaders of globalization, are still affected by this most inevitable process. Today, there is a lot to talk about when speaking of anti-globalization in these countries, especially China and Russia, but this is also a result of the impact of globalization.

Today, young people dress in the same way almost all over the world, e.g. AJ, Lacosta, Hugo Boss, Nike, Adidas etc, and it is so easy

---

[19] https://www.statista.com/statistics/867549/top-active-social-media-platforms-in-russia/ (26.08.2022)

[20] Goldstein S. Joshua, (2001) *Marrëdhëniet ndërkombëtare*, botimi i katër, *SH.B. DITURIA* fq. 438

to supply the latest collections as they are easily found online and easy to order, with one currency USD.

**Рецензенти:**
**Проф. Д-р Петар АТАНАСОВ**
**Д-р Кујтим КАСАМИ**

**Користена литература:**


- Goldstein S. Joshua, (2001) *Marrëdhëniet ndërkombëtare,* botimi i katërt, *SH.B. DITURIA*
- NADZIAKIEWICZ Małgorzata, *THE ROLE OF SOCIAL MEDIA IN COMPANY'S ACTIVITY,* Politechnika Śląska, Wydział Organizacji i Zarządzania, Gliwice; malgorzata.nadziakiewicz@polsl .pl, ORCID: 0000-0002-0900-4046
- MUHAMED, Mahatir, (2010) *Globalizimi dhe realitetet e reja,* Furkan ISM, Shkup
- What is globalizatin? And How Has the Global Economy Shaped the United States? Originally published October 29,2018, last updated August 24.2021 (Peterson Institute for International Economics)
- https://www.piie.com/microsites/globalization/what-is-globalization (04.07.2022)
- How does Globalization impact large companies? The example of Coca-Cola Essay 2017
- https://www.grin.com/document/498867 (04.07.2022)
- https://web.archive.org/web/20080514030854/http://www.energybulletin.net/2389.html (26.08.2022)
- Tsydenova, Nadezhda (10 July 2020). "AliExpress Russia eyes $10 billion turnover by 2022-2023, up an estimated 66%". *(25.08.2022)*
- https://en.wikipedia.org/wiki/AliExpress#cite_note-4 (25.08.2022)
- https://www.taipeitimes.com/News/front/archives/2006/01/04/2003287312 (26.08.2022)
- https://www.abc.net.au/news/2014-04-16/natural-gas-is-putins-political-and-economical-weapon/5394030 (26.08.2022)

- https://www.statista.com/topics/3196/social-media-usage-in-the-united-states/ (26.08.2022)
- https://www.globalmediainsight.com/blog/youtube-users-statistics/#:~:text=With%20247%20million%20users%2C%20the,more%20than%20102%20million%20users.(26.08.2022)
- https://www.statista.com/statistics/277586/number-of-social-network-users-in- china/#:~:text=In%202020%2C%20there%20were%20around,world's%20biggest%20social%20media%20market. (26.08.2022)